АФПЗРР АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## за период 2017-2019 година

1.1

Стратешкото планирање е ефикасен и современ начин на управување што ќе помогне да се дефинираат стратегиите за остварување на приоритетите и целите и да се подобри ефикасноста и ефективноста во спроведување на политиките, евалуацијата и транспарентноста.

Денес стратешкото планирање прерасна во алатка која овозможува институцијата да ја оцени сопствената позиција, квалитетот на работа и да ги идентификува предизвиците и сопствените потенцијали.

Стратешкиот план на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за период 2017-2019 година претставува основен план за развој во кој се содржани целите и приоритетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, дефинирани се програмите за остварување на целите и приоритетите и утврдени се потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес.

Приоритетите се во насока на остварување на мисијата и визијата на Агенцијата. Со планот се дефинирани роковите за постигнување на напредокот во остварување на целите и се утврдени индикаторите за успешност. При одредување на целите и приоритетите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се имаа во предвид Стратешките приоритети на Владата во 2017 година, Годишната програма за работа на Владата, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Стратешките цели на Националниот координатор за авторизација.

Стратешкиот план за оваа временска рамка се заснова на извршена анализа на претходното работење на Агенцијата и е реален.

Се надевам дека донесувањето на новиот Стратешки план ќе ги поттикне вработените да вложат максмимални напори и ангажман во реализација на зацртаните и усвоени приоритети и цели на Агенцијата.

Игор Златков

В.Д. Директор

## 1.2 ВОВЕД

Унапредувањето на земјоделството и руралната средина е голем предизвик кој води кон перспективен живот во сите краишта од Република Македонија. Поаѓајќи од цврстата определба за развој на земјоделството и руралната средина, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој континуирано ги реализира Програмите за финансиска поддршка на земјоделството , финансиска поддршка на руралниот развој, финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата и ИПАРД Програмата.

Со објавувањето на одлуката (19.12.2009 година) на Европската комисија за пренесувањето на правото на Република Македонија за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија во областа на рурален развој се потврди спремноста на нашите административни капаци-тети, стручност и знаење за управување со европските претпристапни фондови во областа на руралниот развој.

Во функција на интензивирање на процесите за постигнување поголема конкурентност преку достигнување на стандардите на ЕУ за квалитет, здравје, безбедност на храната, здравјето на животните и животната средина одржливо управување со природните ресурси и подобрување на условите за живот во руралните средини и руралната економија со објавувањето на јавните повици за мерките (101, 103 и 302) од Програмата за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија (ИПАРД) за периодот 2007-2013 година, всушност во Република Македонија се нуди финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој според европски терк и европски средства.

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ*

## *ЗА ПЕРИОДОТ 2017-2019 ГОДИНА*

| *ВИЗИЈА* |
|---|
| Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој има за цел да стане основна врска меѓу македонските земјоделци и институциите на македонско и европско ниво, кои преку своите програми го финансираат развојот на тој значаен сектор. |

| *МИСИЈА* |
|---|
| Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е одговорна институција за спроведување на мерките за директни плаќања во земјоделството, мерките за рурален развој и реализација на средствата од претпристапната помош Преку јасни и видливи процедури за работа сакаме на нашите корисници да им дадеме информации за квалитетно и правилно поднесување барања за користење на средства од програмите кои Агенцијата ги имплементира.<br>Целта на АФПЗРР е да воспостави ефикасен, ефективен и економичен систем на финансиски менаџмент и внатрешни контроли за имплементација на мерките од ИПАРД програмата и националните програми за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во контекст на воспоставената мисија, менаџментот ги воспоставува стратешките цели, ја избира стратегијата и ги воспоставува целите на АФПЗРР во согласност со апетитот за ризик на АФПЗРР. |

| *ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ И АКТИВНОСТИ* |
|---|
| – извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството;<br>– извршување на мерките за рурален развој;<br>– реализација на средствата од претпристапната помош на Европската Унија за рурален развој, а по влезот на Р.Македонија во ЕУ и мерките на заедничката земјоделска европска полотика. |

| *РЕЗИМЕ НА СПЕЦИФИЧНОСТА ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА* |
|---|
| Агенцијата е самостоен орган на државната управа основан со Законот за основање на Агенцијата за финанска поддршка во земјоделството и руралниот развој (“Службен весник на РМ број 72/2007 и 2/2009) кој врши работи што се однесуваат на реализација на програмите на Владата на Република Македонија за поддршка и развој на земјоделството и руралниот развој.<br>Со објавувањето на одлуката (19.12.2009 година) на Европската комисија за пренесувањето на правото на Република Македонија за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рураниот развој понуди финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој според европски терк и европски средства. |

СТРУКТУРА

-Сектор за внатрешна ревизија

-Сектор за одобрување на проекти

-Сектор за одобрување на исплати

-Сектор за контрола на терен

-Сектор за општи и правни работи

-Одделение за управување со човечки ресурси

-Сектор за информатичка и комуникациска технологија

-Сектор за финансиски прашања

- Сектор за директни плаќања во земјоделството

- Сектор за регистри

- Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот

# АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**ВКУПНО СИСТЕМАТИЗИРАНИ РАБОТНИ МЕСТА – 284 + државен советник + директор**

- **ДИРЕКТОР**
  - **Сектор за внатрешна ревизија 1 (12)**
    - Одделение за ревизија на мерките финансирани од Буџетот на ЕУ (1+7)
    - Одделение за ревизија на мерките финансирани од Буџетот на РМ (1+2)
  - **Одделение за управување со човечки ресурси 1 + 5 (6)**
  - **Сектор за директни плаќања во земјоделството 1 + 1 (31)**
    - Одделение за директни плаќања за сточарско производство (1+11)
    - Одделение за директни плаќања за растително производство (1+9)
    - Одд. за рег. со отежнати услови за стоп. и спроведување на агроеко. мерки (1+6)
  - **Сектор за одобрување на проекти 1 + 1 (47)**
    - Одделение за подобрување на конкурентноста на земјоделството (1+13)
    - Одд. за одоб. на инвестиции во преработка и маркетинг на земјод. производи (1+9)
    - Одделение за развој на руралните средини (1+8)
    - Одд. за спров. на мер. за тех. помош и развој на рур. инфрастр. фин. од Буџетот на ЕУ (1+4)
    - Одд. за спроведување на нац. прог. за рур. развој и рибарство и аквакултура (1+6)
  - **Сектор за одобрување на исплати 1 + 1 (28)**
    - Одд. за одобрување на плаќања од мерките финансирани од Буџетот на ЕУ (1+9)
    - Одд. за одобрување на плаќања од мерките финансирани од Буџетот на РМ (1+9)
    - Одд. за одобрување на плаќања од мер. за тех. помош финансирани од Буџетот на РМ (1+5)
  - **Сектор за контрола на терен 1 + 1 (58)**
    - Одделение за контрола на мерките финансирани од Буџетот на ЕУ (1+16)
    - Одд. за конт. на мер. од нац. програми за рурален развој, рибарство и аквакултура (1+4)
    - Одделение за контрола на мерките за директни плаќања фин. од Буџетот на РМ (1+26)
    - Одделение за супервизија и техничка поддршка (1+6)
  - **Сектор за финансиски прашања 1 + 1 (28)**
    - Одделение за буџетска координација (1+2)
    - Одделение за буџетска контрола (1+1)
    - Одделение за извршување на плаќања (1+7)
    - Одделение за сметководство (1+7)
    - Одделение за постапување по долгови (1+4)
  - **Сектор за општи и правни работи 1 + 1 (24)**
    - Одделение за општи и архивски работи (1+9)
    - Одделение за правни работи (1+6)
    - Одделение за јавни набавки (1+4)
  - **Сектор за инф. и комуникациска технологија 1 + 1 (17)**
    - Одделение за информациони системи (1+4)
    - Одделение за бази на податоци (1+4)
    - Одделение за техничка поддршка (1+4)
  - **Сектор за регистри 1 (19)**
    - Одделение за база на референтни цени (1+7)
    - Одделение за Единствен регистар на земјоделски стопанства (1+4)
    - Одделение за Систем за регистрација на земјишни парцели (1+4)
  - **Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот 1 (14)**
    - Одделение за стратегиски анализи и планирање (1+4)
    - Одделение за поддршка на работата на директорот (1+7)

| ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА |
| --- |
| **1. Реализација на средствата од Буџетот на РМ наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството) и поддршка на руралниот развој, унапредување на рибарството и аквакултурата, исплата на интервенциските мерки во земјоделството**<br>- целосна и навремена реализација на средствата наменети за директни плаќања (субвенции во земјоделството) и поддршка на руралниот развој<br>- зајакнување на контролните постапки за административна обработка на барањата<br>- јакнење на административниот капацитет и стручно оспособување и усовршување на кадарот<br>- континуирана надградба на информатичката инфраструктура<br>- информирање на потенцијалните корисници на средства од националните програми и обуки на ПЕ на МЗШВ<br>**1. Реализација на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој**<br>- обезбедување на ефикасно и ефективно функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД средствата согласно акредитациските критериуми<br>- висок процент на реализиција на средствата наменети од претпристапната за ЕУ<br>- подобрен квалитетот на барањата за користење на средства<br>- ефикасно справување со сите евентуални случаи за нерегуларности |

- јакнење на административниот капацитет за користење на претпристапните фондови
- континуирана надградба на информатичката инфраструктура
- информирање на потенцијалните корисници на средства од Агенцијата

**3. Акредитирање на Агенцијата за користење на средствата од останатите мерки од ИПАРД програмата**

- Агенцијата го достави изготвениот акредитациски пакет за мерката 301-Инвестиции во руралната инфраструктура до НАО 2016, во почетокот на вториот квартал на 2017 е планирана предакредитациска ревизија за исполнување на акредитационите критериуми од страна на Ревизорското тело, за сметка на НАО, по која ревизија и добивање на национална акредитација, акредитацискиот пакет ќе биде поднесен до ЕК во четвртиот квартал од 2017 година.
- На почетокот на 2016 година започна твининг проект "Понатамошно зајакнување на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и подготовка за програмскиот период 2014-2020" кој ќе трае и во текот на 2017 година, а финансиран од Европската унија во соработка со Агенцијата за претприемништво на Холандија, Агенцијата за земјоделски регистри и Земјоделскиот истражувачки центар на Естонија, како и Агенцијата за земјоделски пазари и рурален развој на Словенија.

-Во текот на 2017 година ќе се одржуваат советодавни состаноци за подготвување на пакетот за акредитација за мерката LEADER и советодавни услуги.

## ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 ГОДИНА

**1. Акредитација на Агенцијата од страна на Европската комисија за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој**

**Постигнати резултати**

- Добиена е реакредитација за сите 4 веќе акредитирани мерки за ИПАРД 2 Програмата
- Објавен Прв јавен повик за користење на стредствата од ИПАРД 2 Програмата-втор квартал на 2017

- Затварање на ИПАРД 1 Програмата

**2. Зајакнување на административниот капацитет на Агенцијата**

**Постигнати резултати**

- обезбедување канцелариска опрема за новите вработени
- реализирани обуки согласно Годишната програма за обуки за 2016 година
- реализирани обуки преку TAIEX инструментот за 2016 година
- реализирани обуки преку проекти за поддршка и унапредување на работата на Агенцијата
- изработена Анализа на ризици за работењето на Агенцијата за 2016 година
- изработена Анализа за обем на работа за 2017 година
- изработен План за вработување за 2017 година
- изработена Програма за обуки за 2017 година
- спроведено оценување на државните службеници согласно новата постапка предвидена во Законот за административни службеници
- изработени процедури за работа согласно ISO стандардите
- извршени внатрешни ревизии на работењето на Агенцијата за 2016 година согласно Годишниот план за ревизија на Агенцијата
- изработен план за примена на насоките од спроведените внатрешни ревизии

**3. Воспоставување на ИКТ систем**

- техничка поддршка на ИАКС софтверското решение
- техничка поддршка на компјутерската опрема за воспоставување на основната инфраструктура на ИКТ системот на Агенцијата (пасивна мрежа, активна мрежа, сервери и друга ИТ опрема)

- техничка поддршка на софтверско решение и документ менаџмент систем за потребите на Секторот за финансии и сметководство согласно ЕУ стандардите (SAP ERP & EMC Documentum)
- техничка поддршка во процесот на поврзување со ИКТ системите на МЗШВ

**4. Информирање на потенцијалните корисници на средства**

- ажурирана и надградена Интернет страницата на Агенцијата
- техничка поддршка на телефонски систем (Call Center) преку кој земјоделците ќе може поблиску да се информираат за програмите кои ги спроведува Агенцијата
- информирање на граѓаните за објавени јавни повици од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како и ИПАРД Програмата преку ново спроведениот систем Е-потсетник во кој е опфатена АФПЗРР
- одговорени прашања добиени од страна на барателите на информации преку службената е-маил адреса на Агенцијата (ipard.info@ipardpa.gov.mk), прашања поставени на контакт формата на веб страницата на Агенцијата и веб порталот www.uslugi.gov.mk
- организирани учества во електронски и печатени медиуми
- организирани настапи/појавувања во тематски ТВ програми и вести
- организирани и спроведени обуки на вработените во подрачните единици на МЗШВ за директни плаќања во земјоделството
- вклученост во информативните настани и обуки за ИПАРД

**5. Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година**

**Постигнати резултати**

- За прв пат во 2016 година се овозможи електронско поднесување на барањата за мерките од растителното и сточарското производство, самостојно од страна на земјоделските стопанства
- Поднесени се 8.013 барања за финансиска поддршка за произведено и продадено млеко во период од октомври до

декември 2015 година

- Поднесени се 8.949 барања за финансиска поддршка за произведено и продадено млеко во период од јануари до април 2016 година
- Поднесени се 9.612 барања за финансиска поддршка за произведено и продадено млеко во период од мај до септември 2016 година
- Поднесени се 53 барања за несилки внесени во капацитет за производство на јајца во период од октомври 2015 година до септември 2016 година
- Поднесени се 73.523 барања за финансиска поддршка за растително и сточарско производство, кампања – Единствено барање
- Поднесени се 5.376 барања за произведени и продадени градинарски и овошни култури во преработувачки капацитети
- Поднесени се 583 барања за произведена оризова арпа од реколта 2015 година а продадена во јули 2016 година
- Доставени се податоци од откупните тутунски претпријатија за откупени 18.859.289 килограми суров тутун од реколта од 2015 година
- Поднесени се 3.580 барања за помош за премии и осугурување
- Реализација на мерката „Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“ и мерката „Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“ со што се исплати надомест на штети во земјоделството настанати како резултат на полавите кои го зафатија скопското и тетовското подрачје во август 2016 година. Исплатата се изврши на 998 земјоделски производители во скопското подрачје и 76 земјоделски производители во тетовското подрачје.
- Во 2016 година за прв пат се реализираа исплати за помош во сточарскиот сектор каде што исплатата се вршеше согласно член 103 став 2 алинеја 6 од Законот за земјоделство и рурален развој.
- Извршена административна обработка на вкупно 86.166 барања по следниве кампањи: дел од единствено барање, помош

за премии за осигурување и млеко прва, втора и трета фаза и 21.628 барања од тутунопроизводителите. Донесени се соодветни решенија за одобрување.

- извршени се 5675 контроли на терен, на избрани примероци за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година, од кои: 3591 контроли со далечински методи, 2019 класични контроли на терен за единствените барања и 65 контроли во преработувачи/откупни претпријатија при што се проверени вкупно 10 654 баратели .
- Заклучно со Март 2017 година по поднесените барања од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година Агенцијата исплати средства во износ од 2.153.594.654,00 денари.

**6. Програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2016 година**

**Постигнати резултати**

Средствата предвидени за реализација на финансиската поддршка на руралниот развој за 2015 година се обезбедија од Буџетот на Република Македонија за 2015 година согласно раздел 140.04 во вкупен износ од од 1.818.440.949,00 денари. На предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата донесе 7 изменувања и дополнувања на програмата, во функција на прилагодување на условите и критериумите за добивање на средства.

Во текот на 2016 година Агенцијата објави 10 Јавни повици за доставување на барања за финансиска поддршка.

- примени 2259 барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година по објавените јавни повици по мерки. исплатени средства на крајните корисници.
- извршени се 1346 контроли на терен во текот на 2016 година за Програмите за финансиска поддршка во руралниот развој.
- Заклучно со Март 2017 година исплатени се вкупно 248.258.402,00 ден. по барања поднесени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 год.

**7. Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2016 година**

**Постигнати резултати**

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2015 година, беа поднесени 7

барања за финансиска поддршка на средства и две барања за исплата по Јавен повик 01/2015 за доставување на барања за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата објавен на 14.04.2015 година

По јавен повик 02/2015 објавен на 11.11.2015 година пристигнаа 31 барање за исплата на средства.

Во текот на 2016 година Извршени се 38 контроли на терен.

Заклучно со Март 2017 година по поднесените барања од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2016 година Агенцијата исплати средства во износ од 16.152.839,00 денари.

**8. ИПАРД Програма 2007-2013**

**Постигнати резултати**

Во текот на 2016 година АФПЗРР објави два јавни повици за користење на финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2007-2013 и тоа за трите акредитирани мерки:

- Мерка 101 – Инвестиции во земјоделско стопанство со цел нивно преструктуирање и надградба за постигнување на стандарардите на Европската Унија;
- Мерка 103 – Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европска Унија;
- Мерка 302 – Диверзификација и развој на рурални економски активности.

Во текот на 2016 година извршени се вкупно 1023 контроли на терен

Во рамките на јавниот повик 01/2015 пристигнаа 835 барања, од кои 791 барања за мерката 101, 11 барања за мерката 103 и 33 барања за мерката 302.
Во рамките на јавниот повик 02/2015 пристигнаа 421 барања, од кои 353 барања за мерката 101, 15 барања за мерката 103 и 53 барања за мерката 302

Во однос на реализацијата на средства од ИПАРД Програмата, во 2016 год. вкупниот износ на исплатени средства изнесува 253.693.804,00 ден. (4.117.440,00 евра) при што исплатени се вкупно 288 корисници. Од вкупно исплатениот износ, 59.432.875,00 ден. (964.461,00 евра) се исплатени од делот за Национално кофинансирање, додека пак 194.260.929,00 ден. (3.152.979,00 евра)

се исплатени од ЕУ делот.

Секторот за регистри, Оделението за база на референтни цени во насока на навремената обработка на пристигнатите барања за кофинансирање по ИПАРД Програмата од повиците 01/2015 и 02/2015 спроведе истражување на пазар за кои беа дефинирани референтни цени а со цел да обезбеди реални пазарни цени во насока на заштита на европскиот и националнит буџет од евентуални злоупотреби. При тоа беа направени истражувања на пазар за мерките 101, 103 и 302, со аналитички приказ во продолжение:

- За мерка 101 направено е истражување на пазар за 633 доставени барања и 6145 ставки во рамките на доставените барања за повик 01/2015;
- За мерка 103 направено е истражување на пазар за 3 предмети со 320 ставки_доставени по јавен повик 01/2015 и за 6 предмети со 540 ставки доставени по јавен повик 02/2015;

За мерка 302 направено е истражување на пазар за 2 предмети со 8 ставки доставени по јавен повик 01/2015 и за 11 предмети со 730 ставки_доставени по јавен повик 02/2015

## ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ/ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 ГОДИНА

**1. На 24.02.2015 година Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го сертифицира системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2009 во следниов опсег: Финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој-спроведување на национални програми. Во март 2016 година се спроведе првата надзорна проверка од страна на независна акредитирана сертификациона куќа при што се потврди исполентоста на барањата на воспоставениот систем. Во март 2017 година се спроведе втората надзорна проверка од страна на независна акредитирана сертификациона куќа при што повторно се потврди исполентоста на барањата на воспоставениот систем.**

**2. Акредитација на Агенцијата од страна на Европската комисија за користење на средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој**

**Постигнати/очекувани резултати**

- По однос на мерка 501 Техничка поддршка, добиена е потврда за пренос на правото за управување во текот на 2015 година.
- Изготвена е нацрт верзија на нов акредитациски пакет на документи кои би се користеле при имплементација на ИПАРД Програмата 2014-2020 година.
- Подготвени се меморандуми за соработка со сите надлежни институции со цел да се олесни процесот на обработка на барањата за ИПАРД Програмата 2014-2020

**2. Зајакнување на административниот капацитет на Агенцијата**

**Постигнати/Очекувани резултати**

- времено ангажирани 40 лица (до 31.12.2016 година) за поддршка при обработката на барањата за финансиска поддршка
- реализирани обуки согласно Годишната програма за обуки за 2016 година
- реализирани обуки преку TAIEX инструментот за 2016 година
- реализирани обуки преку проекти за поддршка и унапредување на работата на Агенцијата (тековно)
- изработена анализа за потребите за обуки за вработените во Агенцијата преку проектот за поддршка и унапредување на работата на Агенцијата (ИПАРД Програмски период 2014 – 2020)
- изработена Анализа на ризици за работењето на Агенцијата за 2016 година
- изработена Анализа за обем на работа за 2017 година (постигнат резултат)
- изработен План за вработување за 2017 година (постигнат резултат)
- изработена Програма за обуки за 2017 година (постигнат резултат)
- извршени внатрешни ревизии на работењето на Агенцијата за 2016 година Согласно Годишниот план за ревизија на Агенцијата

- изработен план за примена на насоките од спроведените внатрешни ревизии.

**1. Воспоставување на ИКТ систем**

**Постигнати резултати/ Очекувани резултати**

- Техничка поддршка на ИАКС софтверско решение во текот на целата година
- Техничка поддршка на софтверско решение и документ менаџмент систем за сметководство и финансии согласно стандардите на ЕУ во текот на целата година
- Успешна реализација на техничката поддршка на мрежната, хардверската и серверската опрема во Агенцијата
- Подобрени процедури за работа согласно ISO стандардите согласно препораките од ревизорите
- Подготвки за поврзување со ИКТ системите на останатите релевантни институции (очекуван резултат)
- Успешна имплементација на софтверско решение за Платежна Агенција во делот за ИПАРД програмата(очекуван резултат)

**2. Информирање на потенцијалните корисници на средства**

**Постигнати/очекувани резултати**

- ажурирана и надградена Интернет страницата на Агенцијата
- техничка поддршка на телефонски систем (Call Center) преку кој земјоделците ќе може поблиску да се информираат за програмите кои ги спроведува Агенцијата
- информирање на граѓаните за објавени јавни повици од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како и ИПАРД Програмата преку ново спроведениот систем Е-потсетник во кој е опфатена АФПЗРР
- одговорени прашања добиени од страна на барателите на информации преку службената е-маил адреса на Агенцијата (ipard.info@ipardpa.gov.mk), прашања поставени на контакт формата на веб страницата на Агенцијата и веб порталот www.uslugi.gov.mk
- организирани учества во електронските медиуми

- организирани настапи/појавувања во тематски ТВ програми и вести
- организирани и спроведени обуки на вработените во подрачните единици на МЗШВ за директни плаќања во земјоделството
- вклученост во информативните настани и обуки за ИПАРД и националните програми за финансиска поддршка

**5. Програма за финансиска поддршка во земјоделството**

**Постигнати/очекувани резултати**

- Утврдени интерни процедури за работа
- Поднесување на барања по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година. Крајниот рок за поднесување на барања е 30.06.2017 година (очекуван резултат)
- Поднесување на барања за произведено и продадено млеко во период од октомври до декември 2016 година. Крајниот рок за поднесување на барања е 16.05.2017 година (очекуван резултат)
- Поднесување на барања за несилки внесени во капацитет за производство на јајца во период од октомври до декември 2016 година. Крајниот рок за поднесување на барања е 16.05.2017 година (очекуван резултат)
- избрани примероци и завршени контроли на терен за применитe единствени барања за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година.
- Административна обработка на поднесените барања (очекуван резултат)
- Поднесени барања за останатите кампањи од Програмата за 2016 година (очекуван резултат)
- изработени процедури за работа согласно ISO стандардите

**6. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој**

**Постигнати/Очекувани резултати**

- Во текот на 2016 година Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објави 7 Јавни повици за користење на средсва од Програмата за финансиска поддршкана руралниот развој за 2016 година .

- По Јавен повик 01/2016 објавен на 21.01.2016, за мерка 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства потточка 121.5 Инвестиции во земјоделска опрема и механизација, вкупен број на примени барања за финансиска поддршка е 3063. Сите барања за финансиска поддршка се обработени. Од вкупниот број на примени барања 2337 се соодветни за финансиска поддршка и истите се рангирани согласно Правилникот за избор на избор на корисници. Во тек е склучување на договори за финансиска поддршка
- По Јавен повик 02/2016 објавен на 27.01.2016 за мерка 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства потточка ИСПЛАТА, Вкупен број на примени барања за исплата на средства е 108. Обработката на барањата е во тек.
- По Јавен повик 03/2016 објавен на 03.02.2016 за мерката 112 Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност. Вкупен број на примени барања за финансиска поддршка е 1643. Обработката на барањата е во тек.
- По Јавен повик 04/2016 објавен на 10.02.2016 за мерките 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства потточка 121.2 Набавка на пчелни матици и опрема за пчеларство. Примени се вкупно 481 барање за финансиска поддршка. Обработката на барањата е во тек.
- По Јавен повик 05/2016 објавен на 10.02.2016 за мерките 121 Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства потточка 121.4 Набавка на опрема за системи за наводнување капка по капка за пченка, сончоглед и фуражни култури. Примени се вкупно 24 барање за финансиска поддршка. Од вкупниот број на примени барања 9 се соодветни за финансиска поддршка и истите се рангирани согласно Правилникот за избор на избор на корисници. Во тек е склучување на договори за финансиска поддршка
- Техничка поддршка на софтверското решение за поднесување на електронско барање за финансиска поддршка
- Примени барањата за користење на средства (очекуван резултат)
- Примени барањата за исплата на средства (очекуван резултат)
- Извршени контроли на терен (очекуван резултат)
- Одобрени барањата за исплата на средства (очекуван резултат)

**7. Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата**

**Постигнати/Очекувани резултати**

- Во текот на 2016 година, Секторот за одобрување исплата издаде 1 Решение за исплата на средства по однос на мерките за порибување на риболовни подрачја.
- По Јавен повик 01/2016 објавен на 01.03.2016 година, за мерките 2.2 и 2.3 за прв квартал пристигнаа 10 барања за исплата и за втор квартал 15 барања за исплата на средства. Процесот на обработка на барањата е во тек. За мерката 1.6 пристигнати се 2 барања за исплата на средства
- Примени барањата за користење на средства (очекуван резултат)
- Примени барањата за исплата на средства (очекуван резултат)
- Извршени контроли на терен (очекуван резултат)
- Одобрени барањата за исплата на средства (очекуван резултат)
- Заклучно со Март 2017 година исплатени се 6.000.000,00 ден. по барања поднесени од Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата за 2017 год. Исплатата на средства на крајните корисници ќе продолжи во наредниот период

**8. ИПАРД Програма 2007-2013**

**Постигнати/очекувани резултат**

Во 2016 година се очекува да се заврши со административната обработка на барањата од јавниот повик 01/2015 и 02/2015. Имено по однос на јавниот повик 01/2015 се очекува да се потпишат 375 договори за финансиска поддршка и тоа:

